## ДОКУМЕНТ ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

# „КОН ОТЧЕТНА ПОЛИЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

351.741:005.332.5(497.7)(047.31)

**СТОЈАНОВСКИ, Александар**
Кон отчетна полиција во Република Северна Македонија [Електронски извор] : документ за јавни политики / [автори Александар Стојановски, Кристина Ангелевска, Димитар Николовски]. - Скопје : Центар за европски стратегии Евротинк, 2022

Начин на пристапување (URL):
https://eurothink.mk/wp-content/uploads/2022/05/JavniPolitiki-MK-Cip.pdf.
- Текст во PDF формат, содржи 21 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 01.06.2022

ISBN 978-608-4923-49-7

1. **Ангелевска, Кристина** [автор] 2. **Николовски, Димитар** [автор]
а) Полиција -- Транспарентност -- Македонија -- Истражувања

**COBISS.MK-ID 57500933**

**Издавач:**
**ЕВРОТИНК - Центар за европски стратегии - Скопје**

**За издавачот (уредник):**
Димитар Николовски, Извршен директор

**Автори:**
Александар Стојановски, Кристина Ангелевска, Димитар Николовски

**Графичко уредување:**
Сашка Дескоска

**Лектура:**
Бобан Карапејовски

**2022 година**

*Публикацијата е изработена во рамките на проектот* **„Кон транспарентна, отчетна и инклузивна полиција во Република Северна Македонија“**, *спроведен од ЕВРОТИНК – Центар за европски стратегии, а финансиски поддржан од Националниот фонд за демократија на Соединетите Американски Држави.*

*Гледиштата изразени во оваа публикација не ги одразуваат секогаш гледиштата на Националниот фонд за демократија на Соединетите Американски Држави или на нивните партнери.*

# СОДРЖИНА

01 ИЗВРШНО РЕЗИМЕ 5

02 МЕТОДОЛОШКА БЕЛЕШКА ЗА ИСТРАЖУВАЧКИТЕ АКТИВНОСТИ НА ПРОЕКТОТ 6

03 ПРЕПОРАКИ 7

04 ОТЧЕТНОСТ ВО ПОЛИЦИСКОТО РАБОТЕЊЕ 9

05 ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА ВРЗ ПОЛИЦИСКОТО РАБОТЕЊЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 13

06 НАДВОРЕШНА КОНТРОЛА ВРЗ ПОЛИЦИСКОТО РАБОТЕЊЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 16

07 ЗАКЛУЧОЦИ 19

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Проектот „Кон транспарентна, отчетна и инклузивна полиција во Република Северна Македонија“ се реализира со цел да придонесе кон подобро полициско работење и зголемена доверба во полицијата на Република Северна Македонија.

Оваа цел на проектот е замислена да се оствари преку проценка на степенот на отчетност, транспарентност и нивото на инклузивно донесување одлуки во работата на полицијата на национално ниво. Понатаму, крајната цел на овој едногодишен потфат е поттикнување дијалог меѓу полицијата, медиумите и граѓанските организации на локално ниво, со надеж дека ќе даде придонес кон јавната дебата за поголема безбедност во македонското општество.

# МЕТОДОЛОШКА БЕЛЕШКА ЗА ИСТРАЖУВАЧКИТЕ АКТИВНОСТИ НА ПРОЕКТОТ

## Мерење на јавното мислење

Телефонска анкета спроведена во периодот од 23 ноември до 30 ноември 2021 година од страна на БРИМА, на репрезентативен примерок од 1001 испитаник, со маргина на грешка +-3 %, преку методот CATI.

## Дискусии на фокус-групи со граѓани

Во периодот од декември 2021 до март 2022 година беа спроведени осум дискусии на фокус-групи со 49 граѓани, од кои 28 од женски пол, а 21 од машки пол. Фокус-групите беа направени во градовите: Скопје, Куманово, Тетово, Струга, Битола, Штип, Струмица и Велес.

## Интервјуа со полициски службеници

Во периодот од ноември 2021 до март 2022 година беа спроведени 33 интервјуа со полициски службеници од сите осум сектори за внатрешни работи на Министерството за внатрешни работи.

## Барања за пристап до информации од јавен карактер

Во периодот од декември 2021 до април 2022 година беа испратени 92 барања за пристап до информации од јавен карактер до 84 централни и локални јавни установи (сите единици на локалната самоуправа, МВР, Народниот правобранител, Јавното обвинителство за гонење организиран криминал и корупција).

# ПРЕПОРАКИ

## До Министерството за внатрешни работи:

• Иако не е страна во поединечните кривични судски постапки, целисходно е Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди да го искористи членот 126 од Законот за кривичната постапка и да ги документира/следи исходите од кривичните предмети против полициските службеници и службените лица;

• Редовно да се следи и да се анализира правната практика што произлегува од случаите на полициска злоупотреба за кои постапувал Европскиот суд за човекови права, со особено внимание на случаите во кои како страна се јавува Република Северна Македонија.

• Темелно и редовно да ја информира јавноста за постапувањето на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во врска со завршените дисциплински постапки, поднесените кривични пријави, исходот од кривични судски процеси, за да се подобри јавниот имиџ и перцепцијата на вработените во Министерството во врска со функционирањето на внатрешните механизми за контрола при борбата против девијантните и неетички појави во своите редови;

• да пласира информации во јавноста за тоа каков вид тренинг и обука имаат/добиваат полициските службеници, со цел намалување, односно спречување на девијациите во работењето.

## До надворешните механизми за контрола врз работата на полицијата: Народниот правобранител и Специјализираното одделение за истражување и гонење кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција:

• Да ја зголемат својата видливост и да се погрижат за своја поголема промоција во јавноста, со што би се зголемила свеста кај граѓаните за постоењето на овие механизми за заштита на нивните права. Јавноста во голем дел не е запознаена дека овие надворешни механизми постојат и се функционални.

## До граѓаните и граѓанските организации што се активни на полето на заштитата на човековите права:

• Релевантните и активни граѓански организации на полето на заштитата на човековите права да продолжат со зголемен интензитет да работат на искористување на можностите што ги даваат постојните внатрешни и надворешни механизми за контрола врз работењето на полицијата преку јавна промоција и обезбедување помош на ранливите групи граѓани што се предмет на нечовечко и сурово постапување од страна на службени лица со полициски овластувања;

• Да ја зголемат својата активност во користењето на внатрешниот механизам во рамките на МВР и надворешните механизми за заштита на индивидуалните и на групните права во случаите каде што има индиции за пречекорување на овластувањата и злоупотреба на службената положба од страна на полициските службеници, лицата со полициски овластувања и затворската полиција.

## До медиумите и до медиумските работници:

• Како важен дел од демократските општества, медиумите и медиумските работници треба ревносно и активно да ја следат и да информираат за работата и за постапувањето на државните органи и јавните сервиси, вклучително и на полицијата. Објективно и непристрасно да ја информираат јавноста за случаите на полициска бруталност, злоупотреба на службената положба, како и несовесно постапување и дискриминација кон поединци и групи граѓани.

# ОТЧЕТНОСТ ВО ПОЛИЦИСКОТО РАБОТЕЊЕ

**Полициската отчетност** значи дека полициската работа – тргнувајќи од поединечното однесување на секој полициски службеник, па сè до стратегиите за полициски развој, процедурите за назначување или раководењето со буџетот – е надгледувана од страна на разни надзорни институции. Надзорните институции може да ги вклучат извршните тела (политичката и финансиската контрола и хоризонталниот надзор од страна на владините тела), законодавните тела (пратениците, распитните собраниски комисии), судството, како и комисиите за заштита на човековите права, органите за разгледување тужби поднесени од граѓаните, односно јавните обвинителства или Народниот правобранител. Дополнително, медиумите можат да одиграат важна улога при информирањето на јавноста во врска со работата на полицијата. [1]

Со појавата на демократските општества и институции, самите влади, но и граѓанското општество, активно бараат начини да ги трансформираат полициските структури од државни органи што служеле за контрола на граѓаните во органите на државната управа што ќе одговараат на потребите на граѓаните. Оттука произлегува тезата дека ***полицијата треба, пред сè, да биде сервис на граѓаните, а не општествен апарат на присила, самиот по себе.*** Постоењето на разни форми на демократско уредување на општествата во реалноста значи дека тие се олицетворени преку различните пристапи на работа и стратегии на организирање на полицијата. Според ова, може да заклучиме дека не постои единствен или идеален рецепт за уредувањето на една полициска организација. Полицијата мора секогаш да се води од принципот на владеење на правото. Притоа, таа да го почитува и да го штити човечкиот дигнитет, но и да обрнува внимание на основните човекови, цивилни и политички права што му се загарантирани на граѓанинот.[2]

[1] “Прирачник за демократско полициско работење од вишиот полициски советник на генералниот секретар на ОБСЕ”, Виена, мај 2008, второ издание, стр. 33, https://www.osce.org/files/f/documents/f/f/109907.pdf

[2] Организација за безбедност и соработка во Европа, ‘Guidebook on Democratic Policing’, by the Senior Police Adviser to the OSCE Secretary General, Vienna, 2008. http://www.osce.org/spmu/23804

Во теоријата за полициите во демократските општества може да се забележи дека заеднички именител на една демократска полиција се три аспекти: 1) професионализмот; 2) отчетноста, односно одговорноста;[3] 3)легитимитетот.

Како основен постулат на концептот на владеењето на правото, во демократските општества полицијата е отчетна, односно одговорна за своето постапување. Во контекст на владеењето на правото, полицијата го добива својот легитимитет преку спроведувањето на законите, односно обезбедувањето на правните норми, наспроти извршувањето на правото како резултат на партиските интереси.[4]

Полициската отчетност станува една од поважните теми на интерес во последните години и тоа е поврзано со падот на довербата на јавноста во врска со „државата“, па така, отвореноста и транспарентноста стануваат високо очекувани и барани одлики на овој јавен сервис.[5]

***Извадок од истражувањето на јавното мислење „Еврометар, зима 2021“ [6]***

**46 % од испитаниците опфатени со телефонската анкета се со мислење дека полицијата не е отчетна (оценка 1 и 2) за своето работење, додека 20 % од испитаниците во примерокот сметаат дека е отчетна (оценка 4 и 5). Речиси една третина, односно 32 % од испитаниците опфатени со примерокот, ја оценија полицијата како средно отчетна (оценка 3).**

Надзорот во полицијата (но, и во другите органи на државната управа) значи: споредување на стварната дејност на организацијата, односно резултатите на управата (полицијата) со резултатите што сме ги очекувале врз основа на однапред утврдените критериуми[7].

---

[3] Маренин, Отвин „Градење на глобална заедница за полициски студии“, Полициски квартал Из. 8 (1), стр 99-136 [Marenin, Otwin. “Building a Global Police Studies Community” Police quarterly Vol. 8]

[4] Атанасов, Петар. „Реформа на полицијата во Република Македонија: Помеѓу полициското работење во заедницата и демократското полициско работење“, Годишно на Институтот за социолошки политички и правни истражувања 2 стр, 21- 45 [Atanasov, Petar. “Police reform in the Republic of Macedonia: Between community policing and democratic policing”, Annual of the Institute for Sociological, Political and Juridical Research 2 стр. 21- 45]

[5] Сервис, Тревор. „Од Белфаст до Бишкек: меѓународна перспектива за полициското работење во соседството и заедницата“, Меѓународен весник за полиција и менаџмент, Из. 14 (4), стр. 362-372 [Service, Trevor. “From Belfast to Bishkek: an international perspective on neighborhood and community policing”, International Journal of Police & Management, Vol. 14 (4), pp. 362-372.]

[6] Стојановски, Александар. “ПЕРЦЕПЦИИ И СТАВОВИ НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА РАБОТАТА НА ПОЛИЦИЈАТА – ИСТРАЖУВАЊЕ СПРОВЕДЕНО ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ПРОЕКТОТ:Кон транспарентна, отчетна и инклузивна полиција во Република Северна Македонија”, Евротинк – Центар за европски стратегии, Скопје, Ноември, 2021

[7] Пусих, Еуген. „Наука за администрацијата“, Школска книга, Загреб, 1993, стр. 304 [Пусиќ, Еуген. „Наука о управи“, Школска књига, Загреб, 1993, pp. 304]

Оттука, надзорот во полицијата може да биде:

• надзор на резултатите на работата и надзор на начинот на работа;

• надзор на содржината и надзор на економичноста;

• надзор на законитоста и надзор на целисходноста;

• други видови надзор, како на пример, општ и специјален надзор, внатрешен и надворешен надзор, претходен и последователен надзор.

Во англискиот јазик за „надзор“ се користи изразот “control”, кој во слободен превод би значел: “контрола”.

Со поимот надзор тесно е поврзан поимот одговорност, односно отчетност. Во полицијата поимот одговорност има пошироко значење и, без оглед на тоа што има негативен предзнак, не подразбира никаква вина од оние што се задолжени за таквото постапување.[8]

Улогата на полицијата во заедницата е да се грижи за јавниот ред и мир, за безбедноста, но истовремено, и да го спречува криминалот, да ги открива и да ги документира казнените дела. Новите облици на загрозување и криминалитет придонесуваат да се предлагаат и да се одобруваат поголеми овластувања за полицијата, со што постојано се засилува нејзината моќ во заедницата, вклучително и во демократското општество.

Некои примери од блиското минато покажуваат дека, за жал, постоеле очигледни и несакани последици до кои доаѓало поради неконтролираната употреба на полициска сила.[9] Заедницата постојано е соочена со потребата за засилување на полицијата и со ризикот самата полиција, наместо да обезбеди заштита, да премине на другата страна и да стане закана. Оваа контрадикторност меѓу потребата општеството да ја засилува полицијата и, истовремено, да ја ограничува и да ја контролира, најдобро е претставена во извештајот на Британската кралска комисија од 1962 година, изразена преку зборовите: „Општеството сака полицијата да биде силна и ефективна во заштитата на јавниот ред и превенцијата на криминалитет, но исто така, тоа бара моќта на полицајците да биде контролирана и ограничена така што нема да ја ограничува личната слобода. Резултатот од тоа е компромисен. Полицијата треба да биде силна, но не и насилна; таа треба да биде ефикасна, но не и наметлива; да биде непристрасна сила во политичкото милје во општеството, но и да подлежи на одреден степен на контрола од страна на лица за кои не се бара да бидат непристрасни, но кои се одговорни за надзорот на полицијата“.[10]

[8] ibid, стр. 305.

[9] „Режимската бруталност на дело – Како ЕБР тепаше студенти во читална!”, Цивил медиа, Вест, https://civilmedia.mk/rezhimskata- brutalnost-na-delo-kako-ebr-tepashe-studenti-vo-chitalna/, пристапено 27 април 2022 год.

[10] Милосављевиќ, Богољуб. „Наука за полицијата“, Полициска академија, Белград, 1997 година, стр. 300.[Милосављевиќ, Богољуб. „Наука о полицији“, Полицијска академија, Београд, 1997, стр. 300.]

***Извадоци од дискусии на фокус-групи со граѓани***

**„Јас само сакам да кажам околу пристапот на полицијата кон ромската заедница. Многу е дискриминаторски, многу лош е пристапот, значи, ги влечкаат кога идат, лани мислам дека полицијата испука и куршум сред Ромското Маало, во улица полна луѓе, со деца, одблиску испука куршум и не понесе одговорност за тоа... Бидејќи ние сме Роми“** – соговорничка, ФГ Штип.

**„Отчет гледаме за некои, така, паушални прекршоци, отчет гледаме, ете, во билтенот што го издаваат, дека некој влегол, украл точак, некој го фатиле со грам марихуана... За битни и големи криминали отчет ретко слушаме од полицијата“** – соговорник, ФГ Струмица.

За да биде ефикасна во спроведување на надзорот и контролата, на заедницата ѝ се потребни ефикасни управувачки механизми.

# ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА ВРЗ ПОЛИЦИСКОТО РАБОТЕЊЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Во полициската организација во Република Северна Македонија постои хиерархиска поставеност, која се темели на принципите на законитост, ефикасност, единство на раководењето и спроведување на законот со минимална присила. За спроведувањето на надлежностите на полицијата е одговорен секој полициски службеник, а одговорноста се зголемува пропорционално со напредувањето во хиерархијата во полициската организација.

***Просечна оценка од спроведените интервјуа со полициските службеници во осум сектори за внатрешни работи***

**„Полицијата во Македонија е отчетна во своето работење“ – просечна оценка: 3,95**
(на скала од 1 до 5, каде што 1 е најниската оценка, а 5 е највисоката оценка).

Девијациите и лошото полициско постапување во полициската организација се коригираат со правилата на струката и со одлуките на раководителот. Случаите на посериозно незаконско и неетичко полициско постапување ги истражува и ги документира Одделот за внатрешна контрола, криминалистичка истрага и професионални стандарди.

Во рамките на Министерството за внатрешни работи, Одделот за внатрешна контрола има повеќе од дводецениско постоење и е формиран со цел подобрување на професионалноста во полицијата. Неговата надлежност од почетокот се проширува со додавање задачи за документирање на лошото полициското постапување и со градење култура, воспоставување и засилување на професионалните стандарди – на централно и на локално ниво. Подоцна надлежноста на Одделот се дополнува со воспоставување и на институтот „криминалистички истраги“, кој има цел пресретнување на криминалното однесување на поединци – полициски службеници и документирање на казненото однесување.

***Табела бр. 1: Податоци за работата на Одделот за внатрешна контрола, криминалистичка истрага и професионални стандарди од Годишниот извештај на МВР за 2021 година[11]***

| **Активности на Одделот за внатрешна контрола, криминалистичка истрага и професионални стандарди** | **2020 година** | **2021 година** |
|---|---|---|
| Изречени задолжителни мерки за поведување постапка за утврдување дисциплинска одговорност против вработени | 388 | 307 |
| Изречена мерка „укажување“ | 185 | 232 |
| Изречена мерка за отворање на постапка за надомест на штета (материјална одговорност) | 21 | 15 |
| Изречена задолжителна мерка за оддалечување, односно суспендирање од работното место до завршување на дисциплинската постапка | 24 | 39 |
| Работници испратени на психолошко-психијатриски преглед | 52 | 34 |
| Вработени на кои им е одземено службеното оружје | 48 | 33 |
| Добиени и одговорени претставки од Народниот правобранител | 30 | 43 |
| Добиени писмени реакции од НВО | 19 | 15 |
| Испитани случаи каде што се посочени пречекорувања на овластувањата и злоупотреби на службената положба | 1409 | 1239 |
| Писмено поднесени претставки | 608 | 562 |
| Усно поднесени претставки | 232 | 262 |
| Анонимни поднесоци | 259 | 97 |
| Поднесени претставки преку телефонскиот број 199 | - | 1 |
| Поднесени претставки преку адвокати ополномоштени од граѓани | 72 | 68 |
| Поднесени претставки преку правни лица | - | 47 |
| Службени материјали добиени од внатрешни пријави и сопствени сознанија | 220 | 214 |
| Поднесени кривични пријави | 19 | 17 |
| Известување до ЈО за негово запознавање и постапување | 101 | 81 |
| Известувања доставени по барање на ЈО | 88 | 150 |

[11] Годишен извештај на МВР за 2021 година.
https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/Godisen%20izvestaj%20na%20MVR%20za%202021%20godina,%20%20-%2015_04_2022.pdf

Сепак, граѓаните немаат голема интеракција или искуство со механизмот за внатрешна контрола. Останува непознато за јавноста како се спроведуваат криминалистичките истраги од страна на Одделот за внатрешна контрола.

*Извадоци од дискусии на фокус-групи со граѓани*

**„Тоа за внатрешна контрола на полиција[та] и јас имам чуено. Еден полицаец ми кажува: 'Тие во Скопје што се, Внатрешна контрола, тие на нас гледаат како непријатели. Доволно е да имаш некое дело и сигурно ќе бидеш казнет... они ни се главни непријатели'"** – соговорник, ФГ Штип.

**По пријавата поднесена до Внатрешната контрола на МВР, одговорот што го добил граѓанин на Скопје од полициски службеник бил: „Џабе го пријавивте, нема да го казниме. Повлечете ја пријавата"** – соговорник, ФГ Скопје.

Исто така, стручната јавност постојано се залага за поголема независност на Одделот, особено од аспект на избор и назначување на раководителот, за што одлучува министерот за внатрешни работи.[12]

[12] Стојановски, Трпе. „Омбудсман + Механизам за контрола над полицијата во Република Северна Македонија – правно мислење", Хелсиншки комитет на Македонија, Скопје, 2021.

# НАДВОРЕШНА КОНТРОЛА ВРЗ ПОЛИЦИСКОТО РАБОТЕЊЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Надворешниот механизам за контрола на полицијата е важен инструмент за коригирање на полициското однесување спротивно на законот и можност за насочување на идното полициско постапување, кое ќе ја има поддршката од заедницата. Значаен исчекор во Република Северна Македонија е направен во 2016 година, кога е усвоен концептот за формирање посебно одделение во ЈО што ќе постапува по кривични дела сторени од полициски службеници (и други службеници со полициски овластувања). Во 2018 година беа направени законските измени и беше создадена претпоставка за отпочнување на концептот за надворешна контрола на полицијата. Ова одделение во рамките на ЈО-ГОКК започнува со работа во декември 2018 година.

Првите години од работата на Специјализираното одделение за истражување и гонење кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција во ЈО, покажува голема активност и ефикасност во откривањето, во документирањето, во гонењето и во пресудувањето на кривичните дела направени од полициски службеници.

*Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер за работата на Специјализираното одделение за 2021 година*

Во текот на 2021 година, во уписникот „КОПС“ ( Кривично обвинителен акт против полициски службеници) заведени се 125 пријави (предмети) против 279 лица полициски службеници и припадници на затворската полиција, од кои 91 кривични пријави (предмети) за 217 лица се од 2021 година, 31 кривична пријава (предмети) за 57 лица се од претходната 2020 година, 2 кривични пријави (предмети) за 4 лица се од 2019 година и 1 кривична пријава (предмет) за 1 лице од 2018 година.

- за 32 лица се поднесени Обвинителни предлози до Основен кривичен суд Скопје;
- за 20 лица се поднесени Предлози за издавање на казнен налог до Основниот кривичен суд Скопје;
- за 122 лица се донесени Решенија за отфрлање на кривичната пријава;
- за 15 лица пријавите (предметите) се доставени на надлежно постапување на друго Основно јавно обвинителство;
- за 10 лица се донесени Наредби за спроведување на истражна постапка;
- за 4 лица се поднесени Барања за решавање на судир на надлежност.

Донесени се првостепени пресуди за 50 лица, од кои за 36 лица е изречена алтернативна мерка-условна осуда, за 6 лица е изречена казна затвор, за 4 лица е изречена парична казна и за 4 лица е донесена ослободителна пресуда.

Во текот на 2021 година, уписникот „РОПС“ (Работно обвинение против полициски службеници) е постапувано по 167 предмети против 338 лица, кои за 164 предмети за 330 лица со полициски овластувања и 3 предмети против 8 лица припадници на затворската полиција. Постапувано е и по 68 предмети за 134 лица кои останале во работа во 2020 година и 2 предмети за 4 лица кои останале во работа во 2019 година или вкупно во работа ва 2021 година имало 237 предмети за 476 лица.

- со јавнообвинителска одлука се завршени 168 предмети за 341 лице (донесени се Резолуции);
- во работа останале 69 предмети за 135 лица.

Втората компонента од овој механизам се состои од формирањето посебно одделение во состав на Народниот правобранител, во кое ќе партиципираат тројца службеници од канцеларијата на Народниот правобранител и тројца претставници на граѓанското општество, вторите избрани на конкурс распишан од Собранието на државата.

Со формирањето на Одделението при Народниот правобранител, делумно е имплементиран овој механизам, иако сè уште се мачи да почне да работи во вистинска смисла, поради асиметричната поставеност на улогата на претставниците од граѓанскиот сектор, чиј мандат е ограничен на една година, наместо проектираните три години. Втора голема грижа е обидот на Народниот правобранител во 2020 година да се наметне над претставниците на граѓанското општество – членови во телото за надворешна контрола, и да ги мајоризира во работата на телото.[13]

***Од Годишниот извештај за работата на Народниот правобранител за 2021 година[14]***

**Во текот на 2021 година во областа полициски овластувања се евидентирани вкупно 117 претставки, што е за 10 % помалку во однос на претходната година, кога беа регистрирани 130 претставки. Оваа извештајна година, како и претходната, граѓаните се жалеа за непреземање мерки по кривични пријави и други поплаки (42), недоволно преземање мерки од страна на полицијата за откривање и фаќање на сторителите на кривичните дела (12), меѓу кои и за откривање на убиства и тешки кражби, за неукажување помош од полицијата и заштита на граѓаните (12), како и неосновано одземање и враќање на предмети во полициска постапка (11). Дел од поднесените претставки (15) се однесуваа на неоснованото или противзаконито лишување од слобода, неосновано приведување и неосновано повикување и задржување во полициска станица, повреди на правата во прекршочните постапки (9) и претставки во кои граѓаните побараа само правен совет (8).**

[13] "Нов демант до Иџет Мемети, сега од членовите на „Омбудсман+", 360 Степени, Вест, https://360stepeni.mk/nov-demant-do-idhet-memeti-sega-od-chlenkite-na-ombudsman/, пристапено 27 април 2022 год.

[14] Годишен извештај за работата на Народниот правобранител за 2021 година. http://ombudsman.mk/%D0%9F%D0%BE%D1%87%D0%B5%D1%82%D0%BD%D0%B0/%D0%9D%D0%9F%D0%9C/%D0%98%D0%97%D0%92%D0%95%D0%A8%D0%A2%D0%90%D0%98/%D0%93%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%BD%D0%B8.aspx

# ЗАКЛУЧОЦИ

**Според резултатите од истражувањето на јавното мислење,** мал е процентот на граѓаните (1,7 %) што имале потреба да поднесат пријава до Внатрешната контрола во полицијата. Од оние што поднеле пријава до Внатрешната контрола, 2/3 мислат дека таа не придонесува за намалување на корупцијата и на непрофесионалноста во организацијата.

Генерално, овој наод треба да се земе предвид само како индикатор, со оглед на малата статистичка маса, и како основа за пошироко генерализирање.

**За време на дискусиите со граѓаните** целосно беа опфатени нивните мислења и ставови и, за разлика од интервјуата со полициските службеници, оваа разнолика група граѓани отворено дискутираше и ја анализираше работата на полицијата во своите локални заедници, конкретно фокусирајќи се на транспарентноста, инклузивноста во донесувањето одлуки, концептот „полиција во заедницата“, отчетност на полицијата и нејзината ефикасност во локалните заедници.

Начелно, за учесниците во фокус-групите дефиницијата за транспарентност и отчетност е прилично слична. Дел од соговорниците сметаат дека е полицијата отчетна со информациите што ги споделува на својот социјален медиум и веб-сајтот (интернет-страницата) на Министерството за внатрешни работи. Дел не ја сметаат отчетноста на МВР како целосна. Во врска со отчетноста на полицијата, учесниците сметаат дека МВР е далеку од тој отворен и демократски концепт на работа, и сметаат дека граѓаните не се доволно информирани за работата на полицијата.

Според нив, **отчетна полиција** значи МВР редовно да посочува што сработило, што им кажале на јавноста и на граѓаните и како стигнале до тие информации. Во однос на надворешниот механизам за контрола врз полицијата, поголемиот дел од нив не чуле за овие можности. Повеќето се запознаени со механизмот за внатрешна контрола во полицијата. Перцепцијата што преовладува е дека надворешниот механизам за контрола врз полицијата не може да функционира транспарентно и професионално доколку е од Северна Македонија.

Прашани за **надворешниот механизам за контрола на полициското работење,** дел од соговорниците него најмногу го поистоветуваат со ОБСЕ, како инструмент што спроведува активности кои МВР не може да ги реализира и да ги спроведе. Друг дел од соговорниците, пак, за **надворешниот механизам за контрола на полициското работење,** главно, не чул и, генерално, го поврзува со механизмот на МВР за внатрешна контрола. На прашањето како сметаат дека еден надворешен механизам треба да изгледа, дискутантите се изјаснија дека тоа треба да биде независно, граѓанско тело, кое би требало да функционира со законска уредба и да биде тело со лица што работат во областа на човековите права и на безбедноста, и тие да контролираат како постапува полицијата.

***Извадок од Прирачникот за демократско полициско работење од вишиот полициски советник на генералниот секретар на ОБСЕ***

**Без механизми за надворешен надзор, полициските раководители би можеле да не отвораат истраги или да не казнуваат во случаи на пречекорување на овластувањата, што би довело до неефективна внатрешна контрола. Механизмите за надворешен надзор може да постигнат поголема непристрасност (барем во очите на јавноста) при истрага со сериозни обвинувања против полициските службеници. Покрај тоа, овие механизми можеби се подобро поставени за да ги охрабрат полициските службеници да приложуваат докази против други полицајци, а посебно – против претпоставените.**

Неколкуте граѓани опфатени со фокус-групите што имале некакво искуство со внатрешната контрола, сметаат дека тој механизам функционира како репресивна алатка кон полициските службеници/службенички. Овие лица велат дека внатрешната контрола во рамките на полицијата ја перципираат како активност преземена од страна на граѓаните, која директно може да влијае на загрозувањето на работното место. Од друга страна, пак, една од соговорничките во дискусиите со граѓаните посочи дека механизмот за внатрешна контрола добро функционира, во одредена институција уредно ја побарале сета потребна документација, но за резултатот од постапката не биле информирани.

Во однос на **борбата против корупцијата** во редовите на МВР, граѓаните сметаат дека е тоа многу тешко да се реализира, бидејќи постојат индивидуи што сакаат да го попречат процесот и треба системски да се воспостави тимска и меѓу институционална координирана акција за борба против корупцијата во полицијата.

Полицијата е највидливата манифестација на владините органи што е одговорна за јавната безбедност.

За да се засили владеењето на правото, од суштинско значење се реформите во полицијата, како приоритетна област за поголема ефикасност во заедницата и натамошен напредок кон членство во Европската Унија.[15]

Од друга страна, улогата на Советот на Европа е многу важна за натамошно засилување на надворешниот механизам за контрола на полицијата. Направен е исчекор во совладувањето на основните знаења за работата на надворешниот механизам. Сепак, потребна е натамошна експертиза и тренинг за целосна хармонизација и постапување на механизмот за надворешната контрола.

На крајот, полициската организација во демократското општество може да се препознае по подготвеноста и по прифаќањето на надворешната контрола и надзор, како и по степенот на отвореност за соработка при овие проверки (контроли). Повеќето од граѓанските организации со надзорни афинитети се занимаваат со поплаките против полицијата. Сепак, значително се разликува степенот на нивното вклучување во разгледувањето на поплаките. Додека некои надзорно ориентирани здруженија се одговорни за примање и истражување на поплаките – понекогаш и тоа само во случаи на сериозно пречекорување на овластувањата или кога навидум има недоследности во внатрешната контрола – другите граѓански организации се ограничени само на набљудување и разгледување на истрагите спроведени од самите служби. Слично на ова, додека некои тела немаат влијание врз мерките за пречекорување на овластувањата, некои други можат да дадат препораки за дисциплински мерки и, дури, имаат овластување да наметнат санкции. [16]

[15] Shilston, Timothy. “Democratic policing, community policing and the fallacy of conflation in international police development missions”, International Journal of Police Science & Management 2015, Vol. 17(4), стр. 207–215

[16] Шилстон, Тимоти. „Демократско полициско работење, полициско работење во заедницата и погрешната перцепција за нивно обединување во меѓународни полициски мисии за развој“, Меѓународен весник за полициска наука и менаџмент 2015 година, Из. 17 (4), стр. 207–215 [Shilston, Timothy. “Democratic policing, community policing and the fallacy of conflation in international police development missions”, International Journal of Police Science & Management 2015, Vol. 17(4), pp. 207–215]

NED NATIONAL ENDOWMENT FOR DEMOCRACY
SUPPORTING FREEDOM AROUND THE WORLD

24 поглавје

ЕВРОТИНК
ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКИ СТРАТЕГИИ
CENTER FOR EUROPEAN STRATEGIES
EUROTHINK
eurothink.mk